Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) за спроведувањето на програмите и проектите на Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) објавува јавен оглас за засновање на работен однос на определено време.

Работно место: Соработник на проекти.

Број на работни места: Едно (1).

Времетраење на работен однос: Шест (6) месеци со можност за продолжување и засновање на работен однос на неопределено време.

Работни задачи:

- подготовка и спроведување на програмски активности,
- подготовка на наративни и финансиски извештаи за проекти,
- подготовка на извештаи од истражување,
- комуникација со донатори, целна група, испорачувачи и др.

Потребно знаење и искуство:

- основни познавања за работата на МЦМС и МРФП,
- VII/1 или 240 кредити според ЕКТС,
- познавање на македонски и англиски јазик,
- докажана способност да работи со компјутери, пред сè одлично познавање на програмите од пакетот на Мајкрософт офис,
- возачка дозвола; Б категорија,
- работно искуство на проекти финансирани од донатори, ќе се смета за предност.

Потребни вештини и способности за:

- планирање, анализа и организација на работа,
- комуникација и презентација,
- тимска работа во мултикултурно опкружување,
- приспособување на нови и различни задачи,
- извршување повеќе задачи истовремено и за испорака во кратки рокови,
- подготвеност за работа надвор од канцеларија и во рурални средини,
- уредност и организираност.

Начин и рок на избор: Кандидатите ќе се избираат со претходна проверка на знаењата. Селектираните кандидати ќе бидат поканети на интервју. Кандидатите кои нема да примат повратна информација до 4 април 2014 г. не биле селектирани.

Начин на пријавување: Кандидатите треба да достават пријава на оглас за работа , биографија во формат на МЦМС
, мотивациско писмо и потврда за завршено образование на е-пошта: oglaszarabota@mcms.mk или лично во просториите на МЦМС на ул. Никола Парапунов 41а, Скопје.

Последен рок за пријавување: 21.03.2014 г. (петок).